

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 904:391.7:[271.2-523.6(497.775)"653"
УДК 671.12:271.2-523.6(497.775)"653"

Владимир МИЛАНОВСКИ
*vladimirmilanovski@yahoo.com*

# МАНАСТИРОТ СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ – ЗРЗЕ НИЗ ВЕКОВИТЕ:

## *прилог кон проучувањето на дел од средновековното археолошко наследство*

***Клучни зборови:*** *среден век, накит, реликвијар, амулет, манастир Свето Преображение – Зрзе.*

**Апстракт:** *Во овој труд ќе бидат претставени неколку досега необјавени средновековни предмети, пронајдени на просторот на манастирот Свето Преображение во Зрзе. Станува збор за накит и предмети со култна или апотропејска намена, кои сведочат за духовниот и секојдневниот живот на населението во Пелагонија во текот на средниот век. Овие артефакти го надополнуваат корпусот на археолошките наоди од Зрзе и претставуваат значаен прилог кон проучувањето на културното наследство на регионот.*

Манастирот Свето Преображение во селото Зрзе, претставува едно од најзначајните духовни и културни центри во Македонија. Неговата историја и културен континуитет, посведочени со богатото археолошко, архитектонско и уметничко наследство, претставуваат вистински репер за проучување на духовниот живот и материјалната култура. Истражувањата на просторот околу манастирот изнесуваат на виделина нови сведоштва за минатото – од праисториските и античките слоеви, преку ранохристијанскиот комплекс, па сè до средновековната монашка населба која според досегашните сознанија, била активна од доцниот 9. до крајот на 14. век. Во последните истражувања вниманието е насочено кон евидентирање и обработка на археолошките наоди кои се чуваат во депоата на манастирот и во прилепскиот музеј. Тие претставуваат значајна ризница од која можат да се прочитаат многу страници од историјата на Зрзе и пошироките пелагониски регион.

Средновековието, како период на динамични општествени, верски и културни процеси, оставило длабоки траги во материјалната култура на овој простор. Од една страна, тоа е времето на ширење и зацврстување на христијанството, кога во манастирите и црквите се појавуваат култни предмети со јасно изразено верско-симболично значење. Од друга страна, во секојдневниот живот продолжиле да егзистираат предмети и обичаи со паганско или апотропејско потекло, кои го одразуваат верувањето во чудесните сили на природата. Таа симбиоза меѓу христијанските и претхристијанските елементи е особено видлива во накитот, амајлиите и култните артефакти.

Во таа насока, предметите што ќе бидат претставени во овој труд претставуваат редок и значаен прилог кон реконструкцијата на духовниот и секојдневниот живот на средновековното население во Зрзе. Станува збор за четири артефакти од различна природа и функција – ранохристијански крст, наушница од типот со четири јагоди, крст-реликвијар (енколпион) и амулет од еленов рог. Иако по број малку, тие во себе носат слоевити информации: за естетиката и накитот, за христијанската култна практика, како и за народните верувања.

Преку нивното проучување, не само што се збогатува сликата за средновековниот материјален свет на Зрзе, туку се отвораат и пошироки прашања за културната размена, за духовните процеси и за симболиката на предметите кои го поврзуваат индивидуалното и колективното искуство на луѓето во еден историски контекст.

### 1. Ранохристијански крст

Преку настанот на Христовото распетие, крстот добива карактер на капитален и најпрепознатлив христијански симбол.[1] Во манастирското депо се чува еден случајно пронајден ранохристијански крст, излеан во бронза (леење и доработување), кој најверојатно бил прикачен како апликација за облека.

[1] Димитрова Е., *Најстарите христијански симболи*, Скопје 1995, 13.



*Фото 1. Ранохристијански крст, В.М. 2011.©*

Според формата, споредена со останатите пронајдени ранохристијански крстови во Македонија, овој крст може да се датира во втората половина на 6. век. Крстовите-апликации од ваков тип припаѓаат на групата ранохристијански култни предмети што биле широко распространети во 5. и 6. век.

Нивната примарна функција била двојна: од една страна имале декоративна улога, бидејќи често се аплицирале врз облека или на ремени, а од друга страна тие биле и видлив израз на христијанската вера, носејќи силна апотропејска и симболична вредност. Најчесто се изработувале во бронза со техника на леење во калуп, по што следувала дополнителна обработка на површината – гравирање, полирање или врежување.

Во Македонија се познати повеќе слични примероци, пронајдени во Скупи, Стоби и Хераклеја Линкестис. Во исто време, треба да се истакне дека ваквите крстови ја отсликуваат и локалната адаптација на христијанската материјална култура. Тие често се јавуваат како скромни апликации изработени во бронза и овој баланс меѓу едноставноста на материјалот и силата на симболот ја прави ваквата категорија артефакти особено значајна за проучување на процесот на христијанизацијата.

Крстот од Зрзе, иако случајно пронајден, претставува важен доказ за ранохристијанството на овој простор. Тој ја потврдува силната христијанска традиција и ја збогатува сликата за континуитетот на светилиштето во Зрзе, кое низ вековите било духовен центар што го одразувал спојот на локалната традиција и православното културно влијание.

### 2. Наушница од типот со четири јагоди

Изработена од бронза, со зачувани три шупливи орнаменти во форма на јагоди, додека четвртиот, кој се наоѓал во долниот дел, недостасува. Ваквиот тип на наушници се појавува во 6. и 7. век, а во средновековието е широко распространет, особено меѓу Велико-Моравскиот и Далматинско-Хрватскиот накит. Во Македонија се забележани неколку примероци од 9. век. Овој тип исчезнува од употреба во средината на 11. век. [2] Наушниците со јагоди генерално припаѓаат на групата со шупливи, издолжено овални или биконусни елементи, изработувани од бронза, сребро или позлатени, некогаш украсувани со филигран и гранулација. Се датираат меѓу 9. и 11. век, иако за одредени типови не е исклучена и порана датација. [3]

Случајно пронајдениот примерок од Зрзе претставува значаен прилог на вакви наушници во Македонија. Иако е непотполно сочуван, сепак јасно ја илустрира типологијата на »наушници со јагоди«, кои се појавуваат во повеќе варијанти и материјали. Вредноста на овој наод е во тоа што дополнително ја потврдува присутноста на културните влијанија од Централна Европа и Јадран-

[2] Maneva E., *Ancient jewellery from Macedonia - Middle Ages*, Skopje 2005, 49.

[3] Jelovina D., *Starohrvatske Nekropole - Na području između Rijeka, Zrmanje i Cetine*, Split 1976, 102,103.




*Фото 2. Наушница, В.М. 2011.©*

скиот басен во пелагонискиот регион, што укажува на активни културни контакти и размена. Овој артефакт сведочи за интегрираноста на локалното население во пошироките средновековни културни процеси.

### 3. Крст-реликвијар (енколпион)

Привезок со верско-симболично значење, носен на врат. Делот за прикачување на врвот е откршен, а недостасува и задниот дел на крстот. На предната страна рељефно е претставено Христовото распетие, а на краевите – четирите евангелисти. Крстовите-реликвијари се појавуваат во поврзаност со Светиот Гроб во Ерусалим, од каде потекнува нивната првична дистрибуција. По арапските освојувања во 7. век нивното ширење запира, но повторно оживува во 10. век со обновата на византиската власт во Сирија и Палестина.[4] Овие предмети се тесно поврзани со христијанизацијата на населението на Балканот. Поголем број примери се датираат меѓу крајот на 10. и 12. век, што кореспондира со историскиот контекст на повторната византиска експанзија кон Дунав.[5]




*Фото 3. Крст-реликвијар (енколпион),* **,**
*В.М. 2011.©*

---

[4] Марјановић-Вујовић Г., Крстови од VI. до XII. век из збирке народног музеја, Београд 1987, 51-54; Кепеска, Л. (2005). НЕКОЛКУ КРСТОВИ-ПРИВРЗОЦИ ОД ПРИЛЕПСКО. *Macedoniae Acta Archaeologica*, (16), 283–290.

[5] Кепеска Л., (2005), 287.




*Фото 4. Амулет, В.М. 2011.©*

Дополнително, примерокот од Зрзе ја потврдува распространетоста на овој тип реликвијари и нивното присуство во поширокиот културен круг на православниот свет. Иако предметот е делумно оштетен, композицијата овозможува сигурно идентификување и типолошко вклучување во групата крстови кои носеле мошти и симболично ја претставувале врската со централните светилишта на христијанството. Неговото пронаоѓање во манастирски контекст е индикативно за духовниот карактер на локалната средина и за интеграцијата на Зрзе во поширокие православни религиски текови. Ваквите артефакти го рефлектираат личниот култ на верниците и истовремено претставуваат материјално сведоштво за процесот на зацврстување на христијанската традиција во Пелагонија.

#### 4. Амулет од еленов рог

Предмет со култна и апотропејска функција, случајно пронајден пред повеќе години. Изработен од рог од елен, плоснато обликуван во шестоаголна форма, украсен со концентрични кругови.

Кон врвот завршува во форма на змијски заб, а спротивниот дел е продупчен – веројатно бил носен на појас или околу врат.

Според професорката Елица Манева, ваквите амулети служеле за лекување на рани од оружје и змиско каснување, но и како медицински алатки за нивно чистење. Во народните верувања, рогот од елен поседувал исцелителна моќ, особено против змиски отрови. Други автори укажуваат и на практична намена – како алатки за кожа, за лакови или за пишување. Култот на еленот е длабоко вкоренет уште од праисторијата, пренесуван низ паганските, античките и индоевропските религии. Еленот, со соларна симболика, се јавува како покровител на машки божества, а неговите рогови се сметале за симбол на животна сила и исцелителна моќ. Оваа традиција се задржала и во поновите народни верувања, каде елeновиот рог или заб се носеле како амајлии против змии и магии.[6]

Амулетот од Зрзе претставува материјален доказ за долговечноста на ваквите верувања и за нивната прилагодливост кон различни културни средини. Формата на змијски заб упатува на директна симболичка врска со заштитата од змии, но и пошироко со победата над опасноста и злото. Украсувањето со концентрични кругови, може да се толкува како визуелен израз на магискиот круг, симбол на заштита и непробоен штит. Материјалот (рогот од елен) дополнително ја нагласува функцијата на амулетот: тој не е избран само заради физичките својства, туку и заради магиските и лековитите атрибути.

Со ова, предметот од Зрзе ја илустрира упорноста на магиските и апотропејски практики, кои имале клучна улога во секојдневниот живот на заедницата. Неговото постоење зборува за човековата потреба за заштита и сигурност, изразена преку симболичка обработка на органски материјал со длабока културна и митолошка вредност.

### Завршни размислувања

Средновековните предмети пронајдени во манастирот Свето Преображение во Зрзе - ранохристијанскиот крст, наушницата од типот со четири јагоди, крстот-реликвијар и амулетот од еленов рог – претставуваат мошне вредно сведоштво за богатството и комплексноста на духовниот и материјалниот живот во Пелагонија. Иако станува збор за четири различни предмети, нивната заедничка појава на оваа локација овозможува разбирање на културниот контекст во кој биле создадени и употребувани.

Ранохристијанскиот крст излеан во бронза, кој најверојатно служел како апликација за облека, според формата и во споредба со останатите познати ранохристијански крстови од Македонија, може да се датира во 6. век. Наушницата со јагоди ја претставува естетската и уметничката страна на средновековниот накит, со јасни паралели со пошироките европски културни струења од 9. до 11. век. Крстот-реликвијар, ја нагласува улогата на христијанството како доминантна духовна сила, поврзувајќи го локалниот простор со светите места и со општата православна култна традиција. Амулетот од еленов рог сведочи за упорноста на старите, предхристијански верувања и за симбиозата меѓу паганските и христијанските елементи во народната култура.

Овие артефакти во целина ја потврдуваат важноста на Зрзе како средновековен духовен и културен центар, кој не бил изолиран, туку напротив – дел од пошироки културни и историски процеси. Со нивното претставување се заокружува една нова страница во проучувањето на археолошкото наследство на манастирот Свето Преображение и се отвораат нови прашања за понатамошни истражувања. Наодите не се само материјални остатоци од минатото, туку и сведоци за духовните стремежи, верувањата и секојдневието на луѓето кои живееле и дејствувале на овој простор. Тие ја зајакнуваат нашата свест за значењето на Зрзе и неговото културно наследство, кое со право заслужува понатамошна заштита, проучување и промоција.

Со овој труд, завршуваме една поширока хронолошка рамка во истражувањето на културното минато на Зрзе. Најнапред беа претставени сознанијата за раната антика,[7] потоа следеше римскиот период,[8] а сега вниманието е насочено кон средновековието преку неколку карактеристични

[6] Манева, Е., Ананиев, Ј. (1993). ИМА ЛИ МНЕМОНИСТИЧКА СИМБОЛИКА ДЕКОРАЦИЈАТА НА РАЧКАТА ОД ЕЛЕНОВО РОГЧЕ ОД ВОДОЧА?. *Macedoniae Acta Archaeologica*, (13), 265–271; Манева Е., Словенски, пагански амулет од Давина: Прилог кон толкувањето на неговата намена - A Pagan Slavonic amulet from Davina: A contribution to the interpretation of its function//Македонски наследство - Macedonian Heritage, година VI, број 15, (2001), 41-55.

[7] Милановски В., СЕВЕРОЗАПАДНА ПЕЛАГОНИЈА И ПРОСТОРОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИ - ЗРЗЕ ВО РАНАТА АНТИКА, *Патримониум.мк*, година 15, број 20/2022, 129-138;

[8] Милановски В., РИМСКОТО ГРАТЧЕ КАЈ МАНАСТИРОТ СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ - ЗРЗЕ, АРХЕОЛОШКИ НАОДИ ОД 1. ДО 5. ВЕК, *Патримониум.мк*, година 17, број 22/2024, 93-104;

предмети. Најавениот текст за ранохристијанската базилика и монашката населба ќе биде објавен како последен дел од овој циклус. Таквиот редослед не е случаен: најпрво ги претставуваме артефактите кои се случајно пронајдени и чувани во манастирското депо и низ институциите, а на крај ќе бидат презентирани резултатите од систематските археолошки ископувања што беа изведени на локалитетот во текот на 2008 и 2009 година. На тој начин, целината ќе добие заокружен карактер – од индивидуални пронајдоци до целосно истражени архитектонски комплекси – што овозможува подобро разбирање на историскиот континуитет и културната важност на Зрзе.

Vladimir MILANOVSKI
*vladimirmilanovski@yahoo.com*

# THE MONASTERY OF ST. TRANSFIGURATION - ZRZE THROUGH THE CENTURIES:

## *a contribution to the study of part of the medieval archaeological heritage*

*Summary*

The medieval objects discovered in the Monastery of St. Transfiguration in Zrze – the Early Christian bronze cross, the earring of the "four berries" type, the reliquary cross, and the amulet made of deer antler – represent valuable testimony to the richness and complexity of spiritual and material life in Pelagonia. Although these are four distinct objects, their joint occurrence at this site provides important insights into the cultural context in which they were created and used.

The Early Christian cross, cast in bronze and most likely serving as an applique for clothing, can be dated to the 6th century on the basis of its form and through comparison with other known examples from Macedonia. The "berry earring" illustrates the aesthetic and artistic dimensions of medieval jewelry, with clear parallels to broader European cultural currents from the 9th to the 11th century. The reliquary cross underscores the role of Christianity as a dominant spiritual force, linking the local space with the Holy Places and with the wider Orthodox cultic tradition. The amulet made of deer antler, on the other hand, testifies to the persistence of older, pre-Christian beliefs and to the symbiosis between pagan and Christian elements within folk culture.

Taken together, these artifacts confirm the importance of Zrze as a medieval spiritual and cultural center, one that was not isolated but rather an integral part of broader cultural and historical processes. Their presentation marks a new page in the study of the archaeological heritage of the Monastery of St. Transfiguration and opens new questions for future research. These finds are not merely material remnants of the past, but also witnesses to the spiritual aspirations, beliefs, and everyday life of the people who lived and acted in this region. They reinforce our awareness of the significance of Zrze and its cultural heritage, which undoubtedly deserves further protection, scholarly study, and promotion.

With this study, a broader chronological framework for the exploration of Zrze's cultural past is brought into focus. The research first presented the evidence for the Early Antiquity, followed by the Roman period, and now attention is directed toward the Middle Ages through the analysis of several characteristic objects. The forthcoming study on the Early Christian basilica and monastic settlement will be published as the final part of this cycle. This sequence is not accidental: it begins with the presentation of artifacts that were discovered by chance and preserved in the monastery's repository, and concludes with the systematic archaeological investigations carried out at the site in 2008 and 2009. In this way, the whole narrative acquires a rounded structure—ranging from individual finds to fully excavated architectural complexes—thus enabling a deeper understanding of the historical continuity and cultural significance of Zrze.

Translated by:
*Ирина Симоновска*
irina.simonovska@gmail.com

Владимир МИЛАНОВСКИ
*vladimirmilanovski@yahoo.com*

# МОНАСТЫРЬ ПРЕОБРАЖЕНИЯ ГОСПОДНЯ – ЗРЗЕ СКВОЗЬ ВЕКА:
## *вклад в изучение части средневекового археологического наследия*

*Резюме*

Средневековые предметы, обнаруженные в монастыре Преображения Господня в Зрзе — раннехристианский крест, серьга типа «четыре ягоды», крест-реликварий и амулет из оленьего рога — представляют собой ценное свидетельство богатства и многообразия духовной и материальной культуры Пелагонии. Несмотря на то, что речь идёт о четырёх различных артефактах, их совместное присутствие в одном археологическом комплексе позволяет реконструировать культурный контекст, в рамках которого они были созданы и использовались.

Раннехристианский крест, отлитый из бронзы и, по всей вероятности, служивший нашивной аппликацией для одежды, по своей форме и в сравнении с другими известными аналогами из Македонии может быть датирован VI веком. Серьга с элементами в виде ягод демонстрирует эстетические и художественные особенности средневекового ювелирного искусства, находя прямые параллели в общеевропейских культурных тенденциях IX–XI вв. Крест-реликварий акцентирует ключевую роль христианства как доминирующей духовной силы, связывая локальный ландшафт со святыми местами и широкой православной культовой традицией. Амулет из оленьего рога является свидетельством стойкости архаических дохристианских верований и одновременно отражает синтез языческих и христианских элементов в народной культуре.

В совокупности данные артефакты подтверждают значимость Зрзе как средневекового духовного и культурного центра, который не являлся изолированным, но, напротив, входил в состав более широких культурно-исторических процессов. Их публикация завершает новую страницу в исследовании археологического наследия монастыря Преображения Господня и одновременно открывает новые вопросы для последующих научных изысканий. Обнаруженные предметы следует рассматривать не только как материальные остатки прошлого, но и как выразительные свидетельства духовных стремлений, верований и повседневной жизни людей, населявших данный регион. Они усиливают наше понимание значения Зрзе и его культурного наследия, которое, несомненно, заслуживает дальнейшей охраны, углублённого изучения и широкой популяризации.

Настоящее исследование завершает более обширную хронологическую рамку в изучении культурного прошлого Зрзе. Вначале были представлены сведения о ранней античности, затем — о римском периоде, а теперь внимание сосредоточено на Средневековье через анализ ряда характерных предметов. Анонсированная публикация о раннехристианской базилике и монашеском поселении будет представлена как заключительная часть данного цикла. Выбранная последовательность не является случайной: в первую очередь освещаются артефакты, случайно обнаруженные и сохранённые в монастырском депозитарии, а в завершение будут представлены результаты систематических археологических раскопок, проведённых на данном памятнике в 2008–2009 гг. Таким образом, исследование приобретает завершённый характер — от отдельных находок до комплексного анализа архитектурных ансамблей, что обеспечивает более глубокое понимание исторической преемственности и культурной значимости Зрзе.

Перевод на русский язык:
*Светлана Васильевна Слукина*
svslukina79@gmail.com